РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08-1249/7
07.08. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 60 седница одржана на 20.06.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Ветеринарна медицина", прв и втор циклус на академски студии - интегрирани студии (330 ЕКТС), на Ветеринарен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Ветеринарна медицина", прв и втор циклус на академски студии - интегрирани студии (330 ЕКТС), на Ветеринарен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 330 ЕКТС кредити и со стручен назив: Доктор по Ветеринарна медицина / во меѓународен промет, стручен, назив: Doctor of veterinary medicine.

4. Научно - истражувачко подрачје: 4 Биотехнички науки; Научно – истражувачко поле: 407 Ветеринарна медицина, Научно – истражувачка област: 40700 Анатомија на животни 40701 Биофизика 40702 Ембриологија 40703 Физиологија 40704 Хистологија 40705 Имунологија 40706 Микробиологија 40707 Молекуларна биологија 40708 Патолошка морфологија Научна, стручна или уметничка област, 40709 Патолошка физиологија 40710 Болести на преживни животни 40711 Болести на непреживни животни 40712 Болести на мали животни 40713 Болести на живина 40714 Болести на риби, пчели и дивеч 40715 Фармакологија и токсикологија 40716 Паразитни болести 40717 Заразни болести 40718 Радиобиологија 40719 Хирургија 40720 Офталмологија 40721 Ортопедија 40722 Рентгенологија и физикална медицина 40723 Андрологија и вештачко осеменување 40724 Гинекологија и акушерство со стерилитет 40725 Терапија и здравствена заштита на животни 40726 Ендокринологија 40727 Зоохигиена 40728 Хигиена и технологија на производи и суровини од животински производи 40729 Здравствена заштита на животните 40730 Исхрана – диететика 40731 Управно ветеринарство 40 732 Судска ветеринарна медицина 40733 Историја и етика, деонологија на ветеринарната медицина 40734 Друго

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 45 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 14-1318/7-1 од 28.11.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Ветеринарна медицина", прв и втор циклус на академски студии - интегрирани студии (330 ЕКТС), на Ветеринарен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-1424/1-1 од 12.12.2022 година (наш бр. 08 - 1249/1 од 14.12.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 23.12.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1349/6 од 03.07.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 60-та седница одржана на 20.06.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова